24.12.2007, 16:29

ФИЛИП ФИДАНОВСКИ

# СЕ ИГРАМ СО ДЕТСКИ КОЦКИ ВО БОЈА



**Керамичарот награден со „Јордан Грабул“ укажува на непретставувањето на занаетите преку современи методи**

КАТЕРИНА БОГОЕВА

**Добитник сте на годинешната награда на Друштвото на ликовните уметници на Македонија за скулптура Јордан Грабул, а сте и првиот керамичар кој се зачлени во здружението по неговата кадровска и програмска транформација. Како го доживеавте високото признание и кои се вашите сегашни очекувања од ДЛУМ?**

- Чувството е посебно кога знаеш дека она што го работиш е навистина добро и квалитетно, не затоа што за истото си добил награда, туку затоа што искрено и со љубов си го создал, а притоа тоа виско го оцениле твоите колеги. Наградата посебно ми значи зошто го носи името Јордан Грабул, на нашиот голем скулптор чие дело особено го ценам, а уште повеќе зошто големиот уметник дел од своето творештво го создава во керамика.

Оваа награда за мене е воедно и огромна сатисфакција и одговорност, односно одговорност да го оправдам нејзиното име со делата што следат.

За ДЛУМ како и воопшто за уметничките процеси, се она што е ново значи и промена, а и некакво усовршување на претходното. Тоа секако не значи дека се занемарува вредноста на претходно создаденото, напротив верувам дека досега создаденото треба да се надградува со нови идеи. Драго ми е дека ДЛУМ ги отвори вратите за младите и перспективни уметници и им дава можност за да се искажат.

Мислам дека оваа поставa на ДЛУМ на чело со Тања Балаќ и започна да внесува нови струења и нови идеи за разни активности сврзани со

Електронско издание



ДЕНОТ НИЗ ФОТОГРАФИИ

НАЈНОВИ ВЕСТИ
- ЗА ПОГОЛЕМА БЕЗБЕДНОСТ ЧЕЛИЧНИ ОДБОЈНИ ОГРАДИ НА ПАТОТ ОХРИД- СВ. НАУМ
- БИЗНИС ЗАЕДНИЦАТА СО ПРЕДЛОГ ЗА ВИЦЕПРЕМИЕР ЗА ЕКОНОМСКИ ПРАШАЊА
- СДСМ ГИ ПОДГОТВИ ИЗМЕНИТЕ ЗА УКИНУВАЊЕ НА БОЛНИЧКАТА ПАРТИЦИПАЦИЈА
- ИВАНОВ: СО ЈОРДАН ПОСТИГНАВМЕ НАПРЕДОК ВО СФЕРАТА НА РАЗУЗНАВАЊЕ И РАЗМЕНА НА ИНФОРМАЦИИ
- ЛИЦАТА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ ПАК К

1 2 3 4 5 6 7 8 9 10

18° СКОПЈЕ ВРЕМЕ
Претежно облачно

| НЕД | ПОН | ВТО | СРЕ | ЧЕТ |
|---|---|---|---|---|
| 20 | 21 | 22 | 21 | 21 |
| ПЕТ | САБ | НЕД | ПОН | ВТО |
| 19 | 21 | 22 | 24 | 26 |

овозможено од Yahoo! Weather

НАЈЧИТАНИ | НАЈКОМЕНТИРАНИ
- Од недела нов влажен бран
- Фенербахче и Олимпијакос ќе се борат за европската шампионска титула
- Суспендирани 15 вработени во МВР за инцидентите во Собранието

делувањето на ДЛУМ. Мислам дека со ваквиот пристап Друштвото ќе ја постави ликовната уметност на највисокиот пиедестал.

Потврда за тоа се и новите простории на ДЛУМ и новиот изложбен простор кој се очекува да профункционира набрзо во Домот на армијата во Скопје.



Награденото дело „Игра на љубовта"

**Награденото дело го нарековте „Игра на љубов", а истото е поврзано и со Хрватска, каде досега во неколку наврати сте се презентирале. Би сакале ли да откриете дел од приказната што ја содржи скулптурата, но и да посочите на досега воспоставените релации со хрватските керамичари?**

- Досега во Хрватска имам учествувано на повеќе изложби организирани од Друштвото на керамичари на Хрватска, каде сум почесен член. Таму имам доста колеги пријатели со кој одржувам постојан контакт.

Инаку учествував и во жирото на „Мултиплекс Керамика", Светска изложба на Керамика, Вараждин. Делото настана при моето учество на Колонијата во Племиниташ, Хрватска 2005. Таму се претставив со делото „Игра на љубовта"кое имаше поголеми димензии.

Награденото дело на Изложбата на ДЛУМ е базирано на истиот концепт и е во помали димензии, значи едното е во Хрватска а другото е тука. Што се однесува до идејата, таа претставува една игра на детски коцки во боја кои ја изразуваат искреноста и занесеноста која приличи на љубовта.

Како и во играта, секој може да го одбере начинот на кој сака да игра, затоа коцките на скулптурата се подвижни.

Во Софија каде студиравте и ги завршивте постдипломските студии по керамика, годинава во Македонскиот културно - информативен центар ја презентиравте впечатливата изложба „Знаци".

**Каков беше приемот кај публиката и дали просторот ви понуди доволна можност да го презентирате делото, како што беше претходно презентирано во МСУ?**

- Изненадувачки беше за мене тоа што успеав да ја пренесам атмосферата на МСУ во нашиот културен Центар во Софија. Се работеше за ревидиран и прилагоден концепт кон условите на КИЦ Софија. Сепак изложбата ја пренесе пораката која што ја оствари и во Скопје. Реакцијата беше позитивна, како од моите колеги, особено од професорот Красимир Цидров кој ја отвори изложбата, така и од публиката и медиумите.

Посебен предизвик ми беше да се преставам пред бугарската јавност затоа што истите плочки беа создадени во Бугарија, а и со самото што сум студент

Deutsche Welle

- Пипа кажа „Да"
- Моја Европа: Германско - полско помирување 2.0
- Германија: Еден милион слободни работни места

на Националната уметничка академија во Софија.

Многу сум задоволен од професионалниот однос на вработените на КИЦ Софија, особено од директорката Доста Димовска, што овозможи на високо професионален начин да се претстави македонската уметност.

**Работите како доцент на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, каде сеуште не постои оддел за керамика, иако земјава има долговековна традиција во таа област. Постои ли критична маса од заинтересирани поедници, време ли е за покренување на иницијатива за отворање на посочениот оддел?**

- Веќе пет години сум на ФЛУ и успеав студентите да ги воведам во магијата на керамиката и да побудам кај нив заинтересираност.

За жал, фондот на часови е многу мал, така што им останува на студентите самите да се посветат, самите да се истражуваат и самите да допринесат за равој на керамиката.

Во Македонија се отворија многу факултети каде уметноста се работи пред се како „дизајн“, но за жал, нема отворени факултет во кој што ќе бидат застапени пред се занаетите претставени преку современите методи на образование, за кои всушност Македонија има голема традиција.

Тоа се керамиката, ткаењето, копаничарството, фрескоживописот, изработката на музички иструменти и филигранството. Постои иницијатива за формирање на високо образовна институција која ќе ги опфаќа овие гранки, но за тоа се надевам ќе се најде соодветен партнер за да се претвори во реалност.

Едноставно, на Македонија и треба зачувување на своето културно наследство како и артикулирање на тоа наследство со современ контекст.

Статијата е прочитана 2003 пати.

Препорачај Биди прв од твоите пријатели кој би го препорачал ова.
Сподели

Испрати коментар

**ОСТАНАТИ ВЕСТИ**

**Актуелноста на Хегеловото сфаќање на народот**
**Слам – поетски ноќи во „Мала станица“**
**„Духовните традиции на Тивериопол“**
**Балканската сага на Луан Старова ја освојува Европа**
**Гала-концерт на Сојузот на албанските музички уметници**
**Актерот Емил Рубен добитник на наградата „Петре Прличко“**

**КОМЕНТАРИ**

**ostaj**, 25.12.2007 09:05:18
Ova e nekoj mnogu jak umetnik, alal vera!
Кликнете за оценка: 77 | 50

**koki**, 25.12.2007 11:11:05
misionerite na umetnosta i kteativnosta sekogas zasluzuvaat pofalbi,,ovoj covek ja zasluzuva
Кликнете за оценка: 43 | 56

период од-до 2006 - 2014